# **Извештај за транспарентност за 2025 година**

ТП СМАРТ РЕВИЗИЈА

## СОДРЖИНА

1 Опис на правната структура и сопственост на трговецот поединец ..... 4

2 Опис на професионалната мрежа ..... 5

3 Опис на управувачката структура ..... 5

4 Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на ТП СМАРТ РЕВИЗИЈА и Изјавата на овластениот надлежен орган на субјектот за ефективноста на функционирањето на овој систем ..... 5

5 Датум кога е извршена последна проверка за уверување на квалитетот на ревизорот ..... 6

6 Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година ..... 6

7 Изјава за независното работење на овластениот ревизор – трговец поединец со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени ..... 6

8 Изјава за политиката што ја следи овластениот ревизор – трговец поединец за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во претходната година ..... 6

9 Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизија и други надоместоци ..... 7

10 Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор ..... 7

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА

Согласно барањата на член 35 од Законот за ревизија (Сл. Весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 122/2021), ТП за ревизија, сметководство и консалтинг Александра Сашо Бакулеска СМАРТ РЕВИЗИЈА Охрид, го објавува овој Извештај за транспарентност и истиот не може да се употребува за други цели.

Извештајот за Транспарентност ги содржи информациите во врска со:

- опис на правната структура и сопственост на овластениот ревизор – трговец поединец;
- опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа;
- опис на управувачката структура на овластениот ревизор – трговец поединец;
- опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на овластениот ревизор – трговец поединец и изјава од овластениот надлежен орган на овластениот ревизор – трговец поединец за ефективноста на функционирањето на овој систем;
- датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20-а од Законот за ревизија;
- список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година;
- изјава за независно работење на овластениот ревизор – трговец поединец со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени;
- изјава за политиката што ја следи овластениот ревизор – трговец поединец за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година;
- финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет во четири категории: услуги од ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги во уверување на квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги и
- информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

# 1 Опис на правната структура и сопственост на трговецот поединец

## 1.1 Опис на правна структура

| | |
|---|---|
| Целосен назив на субјектот | Трговец поединец за ревизија, сметководство и консалтинг Александра Сашо Бакулеска СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП Охрид |
| Опис на правната форма | Трговец поединец |
| Место на основање и регистрација | Охрид |
| Дата на основање според тековна состојба | 26/11/2025 година |
| Регистарски број во соодветниот регистар во ИОРРСМ | ТП032 |
| Број и датум на лиценца за работа за вршење на работи за ревизија издадена од СУНР | Регистарски број на лиценца број 27 Број 08-373/3 од 29/12/2025 година |
| Број на вработени лица во субјектот на неопределено работно време на 31/12/25 | 1 |
| Број на вработени лица во субјектот на неопределено работно време на датум на доставување на Извештајот | 1 |

## 1.2 Опис на сопственичка структура

СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП Охрид е регистриран во Централниот регистар на Република Северна Македонија како трговец поединец и е во целосна сопственост на 1 (едно) физичко лице, овластен ревизор, Александра Бакулеска. Имајќи ја во предвид формата на трговец поединец, СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП нема основна главнина и основачот одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот.

Приоритетна дејност на трговецот поединец, согласно Тековната состојба од Централниот Регистар на Република Северна Македонија, е 69.200 - Сметководствени, книговодствени и ревизорски дејности, даночно советување.

СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП нема регистрирано подружници во државата и странство, ниту има сопственички удели во други друштва во земјата и странство. СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП не се јавува како основач на други друштва во странство.

Годишното осигурување од законска одговорност на ревизорски куќи за причинети штети кои ќе ги предизвикаат на трети лица при вршење на ревизорската професија, согласно Законот за ревизија вклучува осигурена сума од 3.690.000 МКД или 60.000 ЕУР, без франшиза, за период од 18 Декември 2025 до 19 Декември 2026 година, преку полиса бр.13053000070909/0, издадена од Евроинс Осигурување АД Скопје.

## 2 Опис на професионалната мрежа

СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП - Охрид делува локално на територијата на Република Северна Македонија, не припаѓа на ниедна професионална мрежа и работи со цел давање на услуги на клиентите кои делуваат на пазарот во Република Северна Македонија.

## 3 Опис на управувачката структура

Овластено лице на СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП – Охрид е Александра Бакулеска, овластен ревизор, член на ACCA.

## 4 Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на ТП СМАРТ РЕВИЗИЈА и Изјавата на овластениот надлежен орган на субјектот за ефективноста на функционирањето на овој систем

Врз основа на барањата на Законот за ревизија, СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП – Охрид има усвоено Прирачник за контрола на квалитетот на ревизиите кои се извршуваат од СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП – Охрид, кој е подготвен врз основа на насоките за политиките на контролата на квалитет дефинирани во Меѓународните Стандарди за ревизија, Кодексот на етика на професионалните сметководители на IFAC и Законот за ревизија.

Прирачникот за контрола на квалитетот на ревизиите кои се извршуваат од СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП – Охрид е изготвен согласно барањата на:

- МСКК 1 – Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1;
- МСР 220 – Контрола на квалитет за ревизија на финансиските извештаи.

МСКК 1 се однесува на одговорностите на СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП – Охрид да воспостави и одржува систем на контрола на квалитет. Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на:

- Одговорности на лидерите за квалитет во рамките на овластениот ревизор – трговец поединец;
- Релевантните етички барања;
- Прифаќање и одржување на односите со клиентот и специфичните ангажмани;
- Човечките ресурси;
- Извршување на ангажманот и
- Надгледување.

Одговорен за системот на контрола на квалитет на трговецот-поединец е овластеното лице, кое е должно да обезбеди систем на контрола на квалитет, кој обезбедува разумно уверување дека СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП и персоналот се придржуваат на професионалните стандарди и законските барања и дека извештаите кои ќе се издададат од страна на овластениот ревизор – трговец поединец се соодветни на дадените околности.

МСР 220 се однесува на одговорностите на СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП и ревизорскиот персонал исклучиво во однос на ревизорските ангажмани. Одговорноста за квалитетот на севкупната ревизорска работа на субјектот ја носи овластеното лице на овластениот ревизор – трговец поединец (овластен ревизор), кој во име на СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП ќе ги потпишува ревизорските извештаи.

Овластеното лице на овластениот ревизор – трговец поединец донесува програма, во форма на прашалници, која ги опфаќа постапките и процедурите за спроведување на внатрешната контрола на квалитет. Политиките и процедурите на внатрешниот систем за контрола на квалитет вклучуваат

континуирано следење и оценување на системот, како и периодични проверки на конкретни завршени ревизорски ангажмани. Во согласност со барањата на Законот за ревизија, СМАРТ РЕВИЗИЈА ТП доследно ќе се придржува кон усвоениот Прирачник за контрола на квалитет на ревизиите. Овој прирачник се применува како на ниво на трговец поединец, така и на ниво на поединечните ангажмани, со цел да се обезбеди дека вработените постапуваат во согласност со интерните акти на овластениот ревизор – трговец поединец при извршување на задачите. (Прилог 1)

## 5 Датум кога е извршена последна проверка за уверување на квалитетот на ревизорот

Согласно член 20 од Законот за ревизија, друштвата за ревизија, односно трговците-поединци овластени ревизори подлежат на систем за контрола на квалитет, заради усогласеност на работењето на ревизорите со процедурите на вршење ревизија пропишани со Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионални сметководителли на IFAC и на национално ниво.

СМАРТ РЕВИЗЈА ТП е основано на 26 Ноември 2025 година, а лиценцата за работа на овластен ревизор – трговец поединец од страна на СУНР е издадена на 29 Декември 2025 година. Бидејќи се работи за нов субјект, се уште не е извршена проверка на контрола на квалитет.

## 6 Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година

СМАРТ РЕВИЗЈА ТП е основано на 26 Ноември 2025 година, а лиценцата за работа на овластен ревизор – трговец поединец од страна на СУНР е издадена на 29 Декември 2025 година. Бидејќи се работи за нов субјект, во 2025 година не се извршени ангажмани за ревизија на финансиски извештаи.

## 7 Изјава за независното работење на овластениот ревизор – трговец поединец со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

Овластениот ревизор – трговец поединец има усвоено Политика за независност со цел да се овозможи сите вработени кај овластениот ревизор – трговец поединец да бидат објективни и независни од сите ревизорски и неревизорски клиенти и нивните поврзани субјекти. Изјавата се однесува на спроведување и усогласеност на независноста во следниот период, бидејќи субјектот е основан во 2025 година, а лиценцата за овластен ревизор – трговец поединец од страна на СУНР е издадена на 29 Декември 2025 година. (Прилог 2)

## 8 Изјава за политиката што ја следи овластениот ревизор – трговец поединец за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во претходната година

СМАРТ РЕВИЗЈА ТП е основано на 26 Ноември 2025 година, а лиценцата за работа на овластен ревизор – трговец поединец од страна на СУНР е издадена на 29 Декември 2025 година. Бидејќи се работи за нов субјект, во текот на 2025 не остварени обуки за континуирано професионално усовршување.

За понатамошното работење на овластениот ревизор – трговец поединец, а во функција за унапредување на квалитетот на ревизорските постапки, трговецот поединец ќе развие политика за континуирана едукација на овластени ревизори, ревизори и асистенти ревизори во рамките на Институтот за овластени ревизори на Република Северна Македонија, ACCA и дополнителна едукација преку присуство на семинари во организација на консалтинг куќи од Македонија.

## 9 Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизија и други надоместоци

СМАРТ РЕВИЗЈА ТП е основано на 26 Ноември 2025 година, а лиценцата за работа на овластен ревизор – трговец поединец од страна на СУНР е издадена на 29 Декември 2025 година. Бидејќи се работи за нов субјект, во текот на 2025 не остварени приходи по ниту еден основ.

## 10 Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Хонорарот на овластениот ревизор ќе се утврдува соодветно на приходите и расходите во тековната година, а врз основа на работната позиција, одговорноста и доверените задачи, искуството и години на работен стаж.

Охрид, 23/03/2026 година

Изјавил
Александра Бакулеска
Овластено лице на
ТП СМАРТ РЕВИЗИЈА

Трговец поединец за ревизија, сметководство и консалтинг Александра Слшо Бакулеска СМАРТ РЕВИЗИЈА Т.П. Охрид
СМАРТ

_______________________

**Прилог 1**

**ИЗЈАВА**

**Од овластениот надлежен орган на овластениот ревизор – трговец поединец за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Одговорниот за квалитетот на ревизиите, Овластеното лице на овластениот ревизор – трговец поединец изјавува дека системот на контрола на квалитетот на овластениот ревизор – трговец поединец функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека овластениот ревизор – трговец поединец и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања, и дека ревизорските извештаи ќе се издадат соодветно на дадените околности.

Охрид, 23/03/2026 година

Изјавил
Александра Бакулеска
Овластено лице на
ТП СМАРТ РЕВИЗИЈА

Трговец поединец за ревизија, сметководство и консалтинг Александра Сашо Бакулеска СМАРТ РЕВИЗИЈА Т.П. Охрид СМАРТ

**Прилог 2**

**ИЗЈАВА**

**За независното работење на овластениот ревизор – трговец поединец со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста**

Овластеното лице на овластениот ревизор – трговец поединец изјавува дека постои систем на интерни контроли и процедури за проверка на усогласеноста на независноста, со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии и истите ќе се спроведуваат, и доследно ќе се применуваат во согласност со меѓународните и домашните стандарди за квалитет.

Охрид, 23/03/2026 година

Изјавил
Александра Бакулеска
Овластено лице на
ТП СМАРТ РЕВИЗИЈА

Трговец поединец за ревизија, сметководство и консалтинг Александра Сашо Бакулеска СМАРТ РЕВИЗИЈА Т.П. Охрид СМАРТ